# Систем за централизирано најавување на корисници

*Корисничко упатство за надворешни корисници*

**Верзија на документот :** *1.0.0.*

**Датум на креирање :** *28.10.2013*

**ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

бул. Кузман Јосифоски Питу бр.1 1000 Скопје
Телефон: + 389 2 3288-100,
Факс: + 389 2 3123-169
www.crm.com.mk

## КОРИСТЕНИ ТЕРМИНИ

| Назив | Опис |
| --- | --- |
| **ССО** | Систем за централизирано најавување на корисници |
| **ЦРРМ** | Централен регистар на РМ |
| **ЦМК** | Систем за централизиран менаџмент на корисници |

**СОДРЖИНА**

**1 ВОВЕД ..... 5**

**2 КОРИСНИЧКИ УПАТСТВА ..... 6**

2.1 Регистрација на корисник ..... 6

2.2 Барање пристап до апликацијата ..... 9

## ИЛУСТРАЦИИ

Слика 1 – Главна страна за најавување ........ 6
Слика 2 – Страна за регистрација ........ 7
Слика 3 – Адресни податоци ........ 8
Слика 4 – Информација за успешно креиран налог ........ 8
Слика 5 – Побарај пристап ........ 12
Слика 6 – Барање пристап ........ 13
Слика 7 – Инфо за успешно барање за пристап ........ 14

# 1 ВОВЕД

Целта на овој документ е да даде конкретни инструкции (“how to” instructions) на надворешните корисници во ССО за креирање на кориснички налог и барање на пристап до одредена апликација.

Секој корисник на услугите на системот за централизирано најавување на корисници може да има еден единствен кориснички налог. За секој систем корисникот ќе треба да побара пристап. Еднаш најавен корисник ќе има пристап до сите системи за кои има добиено пристап без повторно да се најавува на истите.

Исто така, во документов е дадено објаснување на основните правила и принципи врз основа на кои е направено ова софтверско решение.

# 2 КОРИСНИЧКИ УПАТСТВА

## 2.1 Регистрација на корисник

За да се регистрирате во ситемот за прв пат, на веб страната на ЦРРМ www.crm.com.mk од менито Е-услуги се избира системот/услугата до која сакате да пристапите и согласно тоа ќе бидете пренасочени на почетната страна на избраниот систем. Кликнете на линкот за најавување. Системот ќе Ви ја прикаже страната за регистрација каде треба да кликнете на линкот регистрирате овде (Слика 1).




Слика 1 – Главна страна за најавување




Слика 2 – Страна за регистрација

Внесете ги бараните податоци во празните полиња и при тоа следете ги упатствата дадени на местата од прашалниците.

Кликнете на копчето Адресни податоци за да ги внесете адресните податоци и кликнете на Зачувај (Слика 3).

Карактерите најдолу на страната треба да се внесат во полето со соодветна големина како на сликата на која се прикажани.

Кликнете на копчето Креирај налог после што системот ќе ја прикаже пораката за успешно креиран налог. (Слика 4) и ќе Ве пренасочи на страната за најавување (Слика 1).




Слика 3 – Адресни податоци




Слика 4 – Информација за успешно креиран налог

На адресата на електронско сандаче внесена при креирањето на корисничкиот налог ќе добиете нотификација со податок за **Вашето корисничко име** и **Вашиот ПИН код**.
Корисничкото име се користи за најавување во Системот за централизирано најавување на корисници. ПИН кодот не е лозинка и не се користи за највување во системите. Истите треба да ги чувате како доверливи информации.
Корисничкото име и лозинката (која ја внесовте при креирање на корисничкиот налог) внесете ги во соодветните полиња (Слика 1) и кликнете на копчето Најави се.

## 2.2 Барање пристап до апликацијата

По најавувањето, Системот ќе Ве пренасочи на страната за избор на апликацијата (регистарот/системот) во која сакате да добиете пристап (Слика 5).

Пред да побарате пристап, од менито изберете ја опцијата Прегледај, па кликнете на линкот Кориснички сертификати за да прикачите квалификуван дигитален сертификат кон корисничкиот налог (Слика 5), при што, ќе се отвори прозор со можност за избор на прикачување на веќеинсталиран сертификат или сертификат во cer. Формат (Слика 6).




Слика 5 – Кориснички сертификат

Во зависност од изворот на сертификатот треба да одберете (штиклирате) .cer датотека или инсталиран сертификат. Следен чекор е внес на податок за име на сертификатот и избор на истиот (Слика 7).




Слика 6 – Прикачи кориснички сертификат

По извршениот избор кликнете на копчето Прикачи. За успешното прикачување на сертификатот добивате соодветно известување (Слика 8).




Слика 7 – Избор на кориснички сертификат




Слика 8 – Известување

По прикачувањето на сертификатот истиот може да го видите во прегледот на прикачени кориснички сертификати (Слика 9).




Слика 9 – Преглед на прикачени дигитални сертификати

За да продолжите со постапката за добивање на пристап, на главното мени кликнете на линкот Мојот профил, при што Системот ќе Ве пренасочи на страната за Преглед на апликации.

За да побарате пристап кликнете на линкот Побарај пристап (Слика 10).




Слика 10– Побарај пристап

Системот Ви дава преглед на апликациите (регистри/системи) во кои можете да побарате пристап.
Изберете го Системот и улогата (WebUser) за која сакате да добиете пристап ( Слика 11). Потоа кликнете на Зачувај.




Слика 11 – Избор на Систем и улога

Поради недостаток од привилегии за Вашето барање ќе биде испратено на разгледување. За донесената одлука ќе бидете известени по e-mail во најкраток можен рок.




Слика 13 – Инфо за успешно барање за пристап